Број на Службен весник:114/2012
Датум на објава на Службен весник:14.09.2012
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.95/2012), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште.

## Член 2

Барањето за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште се поднесува на образец: “Барање за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште“ во формат А4 во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 22-8367/5
11 септември 2012 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог**

**ДО:** ______________________________
(единица на локална самоуправа)

**БАРАЊЕ**
**за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште**

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице _________________
Адреса на живеење/седиште на правното лице ___________________________
Лице за контакт ________________________ тел. _________________

2.Барањето за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште се поднесува согласно член 13 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/2012) за бесправно изградениот објект _______________ (вид на бесправен објект) кој е изграден на КПбр._______, мв. _______, култура ______, класа _____, површина _______м2, евидентирана на Имотен лист бр._________ за КО _________, во сопственост на _____________.

**БАРАТЕЛ,**

_____________________
(потпис и печат)

_________________
**Датум и место**